Здружение на финансиски работници
на локалните самоуправи и јавните претпријатија
Association of finance officers
of the local governments and public enterprises

Број: 0302-427
29.11.2023 година
Велес

**Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија** објавува:

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 1
## за отуѓување на службено патничко моторно возило ЛАДА НИВА

### 1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ОГЛАС

Предмет на овој оглас е отуѓување на службено патничко моторно возило ЛАДА НИВА 1.7i, тип VAZ 21214, со регистерски таблици VE 185 BT, број на шасија XTA21214051783309, број на мотор 7941148, сила на моторот 59, работна зафатнина со моторот 1890 $cm^3$, со редуктор, година на производство 2005 год., во возна состојба, нерегистрирана, по пат на јавно усно наддавање (во понатамошниот текст: лицитација), по прицип: видено – купено.

Предметот на јавниот оглас може да се види по претходен договор за закажување термин во работни денови од 30.11.2023 година до 14.12.2023 година.

Подетални информации за предметот на јавниот оглас може да се добијат на тел: 070/375136 и 043/230623.

### 2. ПОЧЕТНА ЦЕНА

**Почетната цена на службеното патничко моторно возило ЛАДА НИВА со регистерски таблици VE 185 BT изнесува 125.000 денари без ДДВ.**

Најповолниот понудувач во постапката за јавно наддавање, по завршувањето на постапката е должен понудената цена да ја исплати по 10 дена од денот на склучување на Договорот.

### 3. ВРЕМЕ И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО НАДДАВАЊЕ

Постапката за отуѓување по пат на продажба на патничко моторно возило ЛАДА НИВА ќе се спроведе по пат на усно јавно наддавање – лицитација што ќе се одржи во просториите на **Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија, ул. „8-ми Септември“ бр. 82-4, 1400 Велес, на ден 15 Декември 2023 година (петок)** со почеток во 12.00 часот.

Тел. ++389 43 230 623; ++389 43 230 625; e-mail zfrlsjpv@t.mk веб страна https://zfr.org.mk/
Сметка 300270000017628 - Комерцијална Банка АД Скопје; Сметка 200000026137030 - Стопанска Банка АД Скопје Даночен број МК 4004997107233

## 4. ПРАВО НА УЧЕСТВО НА ЈАВНИОТ ОГЛАС И НА УСНОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Право на учество на јавниот оглас и на јавното наддавање имаат домашни и странски правни и физички лица, под услови утврдени со јавниот оглас.

Јавниот оглас трае 15 дена од денот на објавувањето.

Право на учество на усното јавно наддавање – лицитација имаат сите домашни и странски правни и физички лица, кои најдоцна два дена пред денот на јавното наддавање ќе положат и ќе достават потврда за уплатен гарантен депозит до Комисијата, како и докази дека ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање.

Заинтересираните правни и физички лица за купување на возилото треба да уплатат 5% од почетната вредност на возилото како гаранција на жиро сметка 200 000 026 137 030 – Стопанска банка.

За уплатениот депозит, се доставува потврда, која треба да се приложи со докуметите за идентификација на денот на јавното наддавање.

Сите заинтересирани субјекти можат да ја симнат пријавата за учество од веб страната на **Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија https://zfr.org.mk/**.

На јавното наддавање – лицитацијата може да учествуваат само понудувачите кои имаат доставено документација за јавниот оглас и имаат уплатено гарантен депозит.

Комисијата за спроведување на постапката еден ден пред оддржување на јавното наддавање – лицитација, писмено - по електронска пошта ги известува кандидатите што ги исполнуваат условите за учество на јавното наддавање.

Секој понудувач може да учествува во јавното наддавање со давање понуда во усна форма за предметот на јавниот оглас.

Јавниот оглас се смета за успешен во случај кога ќе биде избран најповолен понудувач.

По завршувањето на постапката Комисијата доставува предлог до **Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија**, за избор на најповолен понудувач со предлог за склучување на договор.

## 5. ПОСТАПКА И УСЛОВИ ЗА УСНО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

Постапката започнува со утврдување на доставениот депозит и идентификација на учесниците во наддавањето (лична карта, пасош, писмено овластување, односно полномошно заверено на нотар), што ги исполниле условите за учество во јавното наддавање.

Постапката започнува на начин што прво се наддава за почетката сума од **125.000 денари** со понудување на минимално прво наддавање, при што наддавањето трае се додека не се постигне последната највисока цена или до крајното наддавање.

Чекорот на наддавањето не може да биде помал од **3.000 денари.**

## 6. ДОКУМЕНТАЦИЈА КОЈА ТРЕБА ДА СЕ ПРИЛОЖИ

За учество на јавната лицитација треба да се приложи следната документација:

- доказ за идентитет (лична карта или патна исправа) – за физички лица, односно извод од регистрација за правни лица / ДРД образец;
- уверение од надлежен суд дека не е под стечај во оригинал или заверена копија кај нотар и не постара од 1 месец;
- потврда од Управата за јавни приходи за платени даноци, придонеси и други јавни давачки, оригинал или копија заверена кај нотар и не постара од 1 месец;
- доказ за уплатениот износ-депозит за учество на огласот.

На јавната лицитација нема да учествуваат лица и/или правни лица со некомплетна документација.

## 7. ПОСТАПКА ПО ЗАВРШУВАЊЕ НА УСНОТО ЈАВНО НАДДАВАЊЕ

**Здружението на финансиските работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија** и најповолниот понудувач, склучуваат договор во кој покрај начинот на плаќање на постигнатата цена, посебно се утврдуваат правата и обврските на договорните страни.

Купувачот е должен да ја уплати утврдената цена на возилото на лицитацијата најкасно во рок од 5 (пет) дена од денот на продажбата, во спротивно го губи правото на враќање на гаранцијата. Доколку најповолниот понудувач се откаже од склучувањето на договорот ќе му се реализира гарантниот депозит.

Сите обврски кои произлегуваат од продажбата (ДДВ, данок на промет, заверка и сите други трошоци поврзани со купопродажбата) паѓаат на товар на купувачот.

На останатите понудувачи уплатените средства на име гаранција ќе им бидат вратени во рок од 5 (пет) дена по завршувањето на лицитацијата.

Во случај на неуспешна лицитација, нема да се спроведе втора лицитација, туку Извршниот Одбор на Здружението ќе донесе одлука за понатамошно постапување при продажбата на возилото.